**Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari**
**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

Бр- No-Nr. 09 - 241/1
13.05. 2025 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

**Врз основа на** Законот за локалната самоуправа (член 22, став 1, точка 7 и член 24, став 2), Статутот на Општина Шуто Оризари (член 14, точка 8) и Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства од областа на социјалната заштита на Општина Шуто Оризари за 2026 година, **Општина Шуто Оризари објавува:**

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за доделување финансиски средства за спроведување програми, проекти и активности од областа на социјалната заштита за 2026 година**

**1. Предмет на јавниот повик**

Предмет на овој јавен повик е доделување финансиски средства за финансирање програми, проекти и активности од областа на социјалната заштита што ќе се реализираат на територијата на Општина Шуто Оризари во текот на 2026 година.

Средствата се наменети за:

- унапредување на социјалната заштита;
- заштита и поддршка на ранливи категории граѓани;
- намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост;
- развој на превентивни и поддржувачки услуги во заедницата.

**2. Право на учество**

Право на учество на јавниот повик имаат исклучиво правни лица регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, и тоа:

- здруженија на граѓани;
- фондации.

Право на учество немаат:

- физички лица;
- јавни и приватни установи;
- трговски друштва;
- политички партии;
- други правни субјекти кои не се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации.

Подносителите на пријавите треба:

- да имаат седиште или активно да дејствуваат на територијата на Општина Шуто Оризари;
- да вршат активности од областа на социјалната заштита согласно закон;
- да бидат редовно регистрирани и да немаат забрана за вршење дејност.
- да имат најмалку 5 (пет) години активно постоење и дејствување од денот на регистрација до денот на објавување на јавниот повик;

**3. Области за финансирање**

Програмите, проектите и активностите треба да се однесуваат на една или повеќе од следните области:

- превентивна социјална и здравствена заштита;
- детска заштита (деца без родители, деца на улица, деца со попреченост и сл.);
- социјална заштита на стари лица;
- социјална заштита на лица со попреченост и лица со посебни потреби;
- намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост;
- поддршка и реализација на дополнителни активности и мерки од социјалната сфера;
- меѓународна соработка и размена на искуства со домашни и странски партнери.

**4. Потребна документација**

Подносителите на пријавите задолжително треба да достават:

- пополнета пријава/апликација (образец објавен на веб-страницата на Општината);
- тековна состојба од Централен регистар на РСМ, не постара од шест месеци;
- референтна листа со докази за претходно реализирани програми, проекти и активности во последните три години;
- финансиски план/буџет на проектот;
- потврда од УЈП за подмирени даночни и социјални обврски, не постара од 30 дена;
- нотарски заверена изјава од законскиот застапник дека правното лице нема утврдена злоупотреба на средства добиени од буџетски или донаторски извори;
- изјава за непостоење двојно финансирање за истите проектни активности.

**5. Начин и рок на доставување**

Пријавите се доставуваат во затворен плик со назнака:

**„ЈАВЕН ПОВИК – СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА 2026“**

до Архивата на Општина Шуто Оризари или по пошта на следната адреса:

Општина Шуто Оризари

ул. „Хаџи Јован Шишков“ бр. 36

1000 Скопје

Јавниот повик трае 15 (петнаесет) календарски дена од денот на објавување на официјалната веб-страница на Општината:

www.sutoorizari.gov.mk

Пријавите се примаат најдоцна до 15:30 часот на последниот ден од рокот.

**7. Причини за отфрлање на пријавите**

Пријавите нема да бидат разгледувани доколку:

- подносителот не е регистриран согласно Законот за здруженија и фондации;
- пријавата е нецелосна;
- недостасува задолжителна документација;
- е користен несоодветен образец;
- пријавата е доставена по истекот на рокот;
- не е доставена потврда од УЈП;
- не е доставена нотарски заверена изјава;
- се утврди дека се доставени невистинити или лажни податоци.

**8. Постапка за избор**

По истекот на рокот за пријавување, Комисијата:

- ја разгледува доставената документација;
- врши оценување и бодување;
- изготвува ранг-листа;
- доставува предлог за финансирање до Градоначалникот на Општина Шуто Оризари.

Одлуката за избор и финансирање ја донесува Градоначалникот на Општина Шуто Оризари.
Сите подносители ќе бидат писмено известени за резултатите од јавниот повик.

**9. Исплата и известување**

Средствата за финансирање се обезбедени во Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2026 година.
Исплатата ќе се врши по завршување на постапката за избор и потпишување договор помеѓу Општината и избраниот корисник.
Корисниците на средствата се должни да доставуваат финансиски и наративни извештаи согласно условите утврдени во договорот.

**10. Санкции и враќање на средства**

Доколку се утврди дека подносителот:

- доставил невистинити податоци или лажни изјави; или
- ненаменски ги користел доделените средства,

Општина Шуто Оризари ќе:

- побара враќање на целокупниот износ со законска камата;
- поднесе соодветна пријава до надлежните институции;
- го исклучи правното лице од учество на јавни повици на Општината во период од 5 (пет) години.

**11. Дополнителни информации**

Дополнителни информации може да се добијат на:
Телефон: 02/2614-666
Одговорно лице: Ибрахим Ибрахими
Е-пошта: info@sutoorizari.gov.mk

Градоначалник

КУРТО ДУДУШ